# ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Индустриската безбедност е област која ја третира заштитата на класифицирани информации во индустриските договори, конзорциуми и мешани трговски друштва со странски и домашни правни и физички лица, издавање на безбедносни сертификати на правни и физички лица кои што произведуваат, употребуваат или имаат контакт со класифицирани информации од областа на индустријата, обезбедување заштита при транспорт на класифицирани информации и воспоставување процедури за посети на физички и правни лица помеѓу државата и други земји, на објекти и индустриски друштва каде што се произведуваат, обработуваат и чуваат класифицирани информации.



Мерките и активностите кои треба да се преземат за работа со класифицирани информации од доменот на индустриската безбедност ќе зависат од степенот на класификација, обемот и формата на класифицираните информации и проценката на заканата за безбедност на класифицирани информации, односно материјали.

Заради заштита на класифицирани информации при реализација на јавните набавки од класифициран карактер, како и реализацијата на класифицираните договори, потребно е учесниците во реализација на договорите, претходно да обезбедат соодветни безбедносни сертификати за правните и физичките лица кои учествуваат во реализацијата на класифицираните договори. Потребните безбедносни сертификати за правните и физиките лица ги издава Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации по претходно спроведени безбедносни проверки за правните и физичките лица кои опфаќаат проверка на финансиската и економската стабилност на правното лице како и утврдување на не/постоење на безбедносен ризик за правното и физичкото лице. Покрај ова, правното лице треба да ги исполни предвидените мерки и активности за заштита на класифицирани информации од доменот на административна, физичка, и информатичка безбедност пропишани со Законот за класифицирани информации.





**П**ри реализација на транспорт на класифицирани информации надвор од безбедносните зони од еден до друг објект или во странство се врши со транспортери кои ги исполнуваат условите за овој вид на транспорт. При изведување на транспорт на класифицирани материјали потребно е да се преземат сите безбедносни мерки предвидени со Законот за класифицирани информации и неговите Уредби.

**П**осетите можат да се реализираат како еднократни, повторливи и итни. Посетата се иницира со доставување на писмено барање до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во кое детално се објаснува целта на посетата и нејзиното временско траење како и лицата кои ја остваруваат посетата. Во итни случаи барањето за посета може да биде соопштено и усмено, кое потоа се потврдува и писмено.

**П**осетите на претставниците на странските физички лица на објекти и правни лица во Република Македонија и обратно, се реализираат врз основа на превземените обврски од договорите. На посетителите им се овозможува пристап само до оние класифицирани информации и материјали коишто се поврзани со целта на посетата.






**П**осетите од итен карактер за договори со степен ,,Интерно“ и ,,Доверливо“ може да се организираат и со директна соработка меѓу овластените лица за безбедност на учесниците во договорот. По утврдувањето, дека условите за остварување на посета се исполнети, одговорното лице го известува подносителот на барањето дека посетата е прифатена.

***ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ***
***ТЕЛ: 02/3299-820; ФАКС: 02/3299-829***
***e-mail: direkcija@dbki.gov.mk***
***web: www.dbki.gov.mk; www.nsa.gov.mk***